Почитувани колешки и колеги,

Институтот за дефектологија и годинава се подготвува на достоен начин да го одбележи 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со инвалидност. Ова одбележување традиционално го организираме на Филозофскиот факултет, во големиот амфитеатар, на самиот ден, во 11.00 часот. Оваа година на одбележувањето на овој ден, на
нашата манифестација, се придружи и Националниот совет на инвалидските организации на Република Македонија, а своето присуство го најавија и повеќе невладини организации.
За прв пат, после трагедијата која се случи во Заводот за заштита и рехабилитација во Бања Банско, децата од оваа установа прифатија да излезат од установата и да настапат со кратка приредба.
Годинава, одбележувањето на овој ден се совпаѓа со одбележувањето на Европската година на еднакви можности за сите.
Очекуваме, почитувани колешки и колеги, како што тоа се
случуваше и во изминатите години, наставници, асистенти и студенти од сите институти на Филозофскиот факултет, да присуствуваат на одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со инвалидност.
Иако до сите институти и до раководителите на институтите доставивме покани, ја користиме можноста и на овој начин да Ве поканиме и во истовреме да Ве запознаеме со програмата.

Проф. д-р Ристо Петров